ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

03 јуни 2022 година Гевгелија Број 6 Година XXXXI

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.5/02 г.), член 539 од Законот за трговски друштва (,,Службен весник на РМ“ бр.28/04,84/05.25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14 и 41/14)и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.2022 година донесе:

## ОДЛУКА

за усвојување на почетниот биланс, Годишните сметки за 2021 и 2022 година и Извештајот за материјалното и финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња ,,АСТРА-ЛУНА“ - Струмица во ликвидација, и одобрување на работата на ликвидаторот

**Член 1**

Основачите на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња ,,АСТРА-ЛУНА“ – Струмица во ликвидација: Општина Богданци, Општина Босилово, Општина Валандово, Општина Василево, Општина Гевгелија, Општина Дојран, Општина Конче, Општина Ново Село, Општина Радовиш и Општина Струмица, го усвојуваат билансот на Заедничкото јавно претпријатие ,,АСТРА-ЛУНА“ во ликвидација, изготвен од ликвидаторот.

Основачите на Заедничкото јавно претпријатиен,,АСТРА-ЛУНА“-во ликвидација ги усвојуваат годишните сметки за 2021 и 2022 година, и извештајот за материјалното и финансиското работење на Претпријатието, изготвени од ликвидаторот.

**Член 2**

Постапката за бришење на Претпријатието врз основа на ликвидација, Ликвидаторот ја спроведе во согласност со Законот за трговските друштва, начелата на објективност, документарност, стручност и совесност, па согласно тоа се одобрува работата на ликвидаторот.

Поради исполнети услови, односно завршување на постапката за ликвидација, Заедничкото јавно претпријатие ,,АСТРА-ЛУНА“ во ликвидација, да се брише од Трговскиот регистар согласно Законот за трговските друштва.

**Член 3**

Одлуката е донесена да послужи пред Централниот регистар на РСМ во постапка за бришење на претпријатието врз основа на ликвидација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1352/1
31.05. 2022 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
Патрик Матх с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.5/02 г.), член 265 од Законот за трговски друштва (,,Службен весник на РМ“ бр.28/04,84/05.25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14 и 41/14)и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија’’ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.022 година донесе:

**ОДЛУКА**

за бришење од Трговскиот регистар на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња ,,АСТРА-ЛУНА“ – Струмица во ликвидација, и за разрешување на ликвидатор на заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња ,,АСТРА-ЛУНА“ – Струмица во ликвидација

**Член 1**

Поради исполнети услови, односно завршување на постапката за ликвидација, Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња ,,АСТРА-ЛУНА“ – Струмица во ликвидација, да се брише од Трговскиот регистар согласно Законот за трговските друштва.

**Член 2**

Сузана Стојкова, со адреса на ул. ,,Иљо Шопов“ бр.15/6 од Стрмица, со ЕМБГ 0308978465018, се разрешува од функцијата ликвидатор на Заедничкото јавно претпријатие за заловување на бездомни кучиња ,,АСТРА-ЛУНА“ – Струмица во ликвидација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1353/1
31.05.2022 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21 г.) и член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 31.05.2022 година, по расправата по Предлог-Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за извештајниот период (кумулативно) за период од 01.01.2022-31.03.2022 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година за период од 01.01.2022-31.03.2022 година (кумулативно).

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1354/1
31.05.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.5/2002 г.), а во врска со член 36 став 4 од Законот за буџетите (,,Службен весник на РМ“ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 1711/12, 192/15 и 167/16 г.) и член 38 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за зголемување и пренамена**
**на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши зголемување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година, (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“бр. 15/21 г.), во делот на буџетот на блок дотации, во делот на буџет-донации и пренамена во делот на буџетот на основен буџет, на следниот начин:

**Програма и назив на потпрограмата**
**Потставка и опис на потставката Буџет Самофинанс Дотации Донации Кредити**

**1-Се зголемуваат приходите на следните потставки на буџет на блок дотации-930**

**-Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | |
|---|---|
| 421111 Електрична енергија | 2.050.000 |
| 423990 Други материјали | 800.000 |
| 424210 Одржување на згради | 900.000 |
| 425990 Други договорни услуги | 800.000 |
| 426990 Други оперативни расходи | 172.902 |
| 482930 Реконструкција на други објекти | 4.100.000 |

**-Н20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | |
|---|---|
| 421240 Течни горива | 2.555.956 |
| 424230 Одржување на згради | 318.000 |
| 425760 Превозни услуги во образование | 3.800.000 |
| 480190 Купување на друга опрема | 1.700.000 |
| 482930 Реконструкција на други објекти | 1.926.044 |
| 483190 Купување на друг мебел | 1.000.000 |

**-К20 МУЗИЧКА И СЦЕНСКО УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

421110 Електрична енергија 300.000

**2 Се зголемуваат приходите на следната потставка ба буџет-донации-785**

А00 СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

742119 Други општи и тековни донации 3.979.725

**и се распоредуваат на следната потпрограма и расходни потставки на буџетот на буџет-донации 785**

**-Х20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

| | |
|---|---|
| 420120 Патување во земјата-патни расходи | 3.076.862 |
| 423620 Училишни материјали | 46.000 |
| 425990 Други договорни услуги | 280.000 |
| 426990 Други оперативни расходи | 353.888 |

**ЈЛ КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

482920 Изградба на други објекти 222.975

**3 Се врши пренамена-намалување на следната потпрограма и расходна потставка на буџетот- основен буџет-630**

**-Ј7 ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**

424590 Одржување на други зелени површини 600.000

**и се врши зголемување на следната потпрограма и расходна потставка на буџетот на основен буџет-630**

**-Е00-ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА**

464940-Трансфери при пензионирање 600.000

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ и е составен дел на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година.

Бр.09-1355/1
31.05.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 05/02 г.) а во врска со член 89 став 1 алинеа 3 од Законот за средно образование (,,Службен весник на РМ“ бр.44/95, ...64/18 г.) и член 38 став1 точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 31.05.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за усвојување на измените и дополнувања на финансовиот план за 2022 година на СОУ „Јосиф Јосифовски“ –Гевгелија**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањата на финансовиот план за 2022 година за планирани приходи и расходи за сметка 715010824990313 на СОУ “Јосиф Јосифовски“ Гевгелија, усвоени и предложени од Училишниот одбор со Одлука бр.02-343/1 од 08.04.2022 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1356/1
31.05.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 05/02 г.), а во врска со член 108 став 1 алинеа 4 од Законот за основното образование (,,Службен весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20 г)и член 38 став1 точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 31.05.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за усвојување на измените и дополнувањата Годишниот финансов план за 2022 година на ООУ ,,Крсте Мисирков“ –Гевгелија**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањата на Годишниот финансов план за 2022 година за планирани приходи и расходи за сметка 715010807990310 на ООУ "Крсте Мисирков" Гевгелија, усвоени и предложени од Училишниот одбор со Одлука бр.02-219/1 од 15.04.2022 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1357/1
31.05.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр. 05/02 г.) а во врска со член 36 од Законот за културата (,,Службен весник на РСМ" бр. 31/98..... 11/18 г.) и член 38 став1 точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 31.05.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за усвојување на измените и дополнувањата на финансов план за 2022 година на Работнички универзитет ,,Кирил и Методиј" –Гевгелија**

1.Се усвојуваат измените и дополнувањата на финансовиот план за 2022 година за планирани приходи и расходи за сметка 715011103790319 на Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1358/1
31.05.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), одредбите од Законот за рамномерен регионален развој (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21), член 62 и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на __.05.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект: „Културно богатство – наследство на идните генерации”, потпроект „Реконструкција на дом на култура во село Моин, Општина Гевгелија”**

**Член 1**

Со оваа одлука се обезбедуваат средства за сопствено учество на Општина Гевгелија во реализација на проект: „Културно богатство – наследство на идните генерации”, потпроект „Реконструкција на дом на култура во село Моин, Општина Гевгелија”.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за реконструкција на домот на култура во село Моин, во износ од 2.138.378 денари.

**Член 3**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-1359/1
31.05.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ'' бр.5/02 г.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија'' бр. 25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за одобрување субвенции за набавка на велосипеди**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува субвенционирање на граѓаните на Општина Гевгелија во трошоците за набавка на велосипед и се утврдуваат начинот, условите и постапката за субвенционирање.

**Член 2**

Субвенционирањето на граѓаните на Општина Гевгелија во трошоците за набавка на велосипед, ќе се финансира од Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година.

Вкупните средства планирани за оваа намена изнесуваат 500.000,00 денари со вклучени средства за исплата на персонален данок.

Висината на поединечната субвенција по барател/домаќинство изнесува 5.000,00 денари во бруто, односно 4.500,00 денари во нето износ.

**Член 3**

Субвенционирањето ќе се врши во рамките на планираните буџетски средства според принципот ,,прв дојден, прв услужен".

Исплатата на субвенцијата ќе се врши врз основа на решение донесено од Градоначалникот на Општина Гевгелија, се до искористувањето на предвидените средства.

**Член 4**

За субвенционирање на граѓаните на Општина Гевгелија при набавка на велосипед, Општина Гевгелија ќе објави јавен повик.

Јавниот повик од став 1 на овој член ќе се објави на огласната табла и веб страната на Општина Гевгелија, како и во локалните медиуми и ќе трае се до моментот на исцрпување на средствата предвидени за оваа намена.

Во јавниот повик се објавуваат условите за учество и пријавување на граѓаните утврдени со оваа одлука.

**Член 5**

Постапката за субвенционирање на велосипед ќе ја спроведе комисија составена од претседател и двајца членови и нивни заменици, формирана од

Градоначалникот на Општина Гевгелија од редот на вработените во општинската администрација.

Комисијата од став 1 на овој член има обврска:

-да го објави јавниот повик за субвенционирање на набавка на велосипед;

-да ги разгледа и провери сите пристигнати барања во врска со објавениот повик и

-да даде предлог до Градоначалникот за прифаќање,одбивање или отфрлање на поднесените барања, во зависност дали барателот ги исполнува условите дадени во јавниот повик.

Комисијата за својата работа води записник.

**Член 6**

Барање за субвенција може да се поднесе во периодот од денот на објавувањето на јавниот повик се до исцрпување на средствата.

Барањата кои ќе бидат некомплетни и поднесени после истекот на рокот утврден во јавниот повик ќе бидат одбиени или отфрлени со решение на Градоначалникот на Општина Гевгелија со образложение на причините за тоа.

**Член 7**

Подносителот на барање за субвенционирање на велосипед треба да ги исполнува следните услови:

-да е полнолетен жител на Општина Гевгелија;

-да е платен данокот на имот за станбениот објект во кој живее;

-во домаќинството да нема друг член што поднел барање за добивање на ваков вид на субвенција.

Лицето кое ќе поднесе барање за доделување на субвенција за велосипед со барањето треба да ја достави следната документација:

-копија од важечка лична карта или важечка патна исправа;

-копија од трансакциска сметка;

-изјава за давање согласност за користење на лични податоци;

-потврда од Општина Гевгелија дека е платен данокот на имот за станбениот објект во кој живее;

-доказ дека велосипедот е купен од трговци кои дејноста ја обавуваат на територијата на Општина Гевгелија со приложување на фискална сметка;

**Член 8**

Вработените во општинската администрација и членовите на Советот на Општина Гевгелија, како и членовите на нивното потесно семејство (родител, брачен другар, деца) немаат право на учество на јавниот повик за доделување на субвенции за набавка на велосипед.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1360/1
31.05. 2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Совет на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање (,,Службен весник на РСМ“ бр.32/2020г.) и член 38 став (1) точка 7 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**За измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Гевгелија за 2022 година**

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Гевгелија за 2022 година (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.15/2021 г.), се врши следната измена и дополнување:

2.Во глава II точка 2 - Изработка на ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ за град Гевгелија по блокови, ревизија и измена на донесени Детални урбанистички планови согласно приложената скица во потточка 2.10 урбан блок 10 се додава :
**,,Измена и дополнување на Детален Урбанистички план за дел од блок 10.2 Општина Гевгелија (АД ,,Макпетрол“)“.**

3.Во глава II точка 3 УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО се додаваат две потточки и тоа :

**3.10 - „Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци (Блок 5) КО Прдејци (ДПТУ ,,Дорленд“)“**

**3.11 – Измена и дополнување на Урбанистички план за село Богородица (Блок 5) КО Богородица, Општина Гевгелија (Васил Јанкулов)“**

4.Во Глава II точка 5 се додаваат две потточки и тоа:

**5.4. - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за кп. бр.583 КО Ново Конско, Општина Гевгелија, и**

**5.5. - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за кп бр.543/1, дел од кп. Бр.543/2, кп.бр.543/3, кп. Бр.544, кп бр.545 и кп бр.546/1 КО Богородица, Општина Гевгелија.**

5.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1361/1<br>31.05.2022 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 39 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.2022 година, донесе

## ОДЛУКА
### за донесување на Урбанистички план за село Давидово општина Гевгелија, плански период 2017-2027година

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Конечен Предлог-Урбанистички план за село Давидово општина Гевгелија плански период 2017-2027 година, со графички приказ на планот и текстуален дел на планот.

**Член 2**

Конечниот Предлог-Урбанистички план за за село Давидово општина Гевгелија плански период 2017-2027 година од Член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 62,957 ха.

Од најсеверната точка, границата на планскиот опфат се движи кон движејќи се по источната граница на КП 571, се движи кон североисток совпаѓајќи се со северната граница на КП 579, се движи кон југоисток минувајќи низ КП 580 и КП 582, КП 1561, се Движи кон југоисток по источната граница на КП 1561, минува низ КП 1517, се совпаѓа со северната граница на КП 531, се движи кон југ совпаѓајќи се со источните граници на КП 841 и КП 842/2, се движи кон југ совпаѓајќи се со источната и јужната граница на КП 846, се движи кон запад совпаѓајќи се со јужните граници на КП 845/2, КП 845/1, КП 844, КП 843, КП 839, КП 834/2, КП 834/1, КП 833, КП 828/2, КП 827, се движи кон совпаѓајчи се со источната граница на КП 824, минува низ КП 803, КП 846, се совпаѓа со источната граница на КП 1563, свртува кон исток минувајќи низ КП 1505, се движи кон север совпаѓајчи се со северозападната граница на КП 1122, се спушта кон југ по истоните граници на КП 1122 и КП 1123, минува низ КП 1121, се совпаѓа со источните граници на КП 1120, КП 1118, КП 1117, КП 1116, минува низ КП 1550, се совпаќа со источната граница на КП 1462 и КП 1450, минува низ КП 1449 и тука стасува до најисточната точка на планскиот опфат.

Од најсеверната точка на планскиот опфат границата на планскиот опфат продолжува да се движи кон југ по источната граница на КП 1450, се совпаѓа со

југоисточните граници на КП 1456/3, КП 1456/1 и КП 1456/2 и тука стасува до најјужната точка на планскиот опфат.

Од најјужната точка на планскиот опфат границата се движи кон југозапад совпаѓајќи се со југозападните граници на КП 1456/2 ,КП 1459/5, КП 1459/3, се движи кон северозапад совпаѓајќи се со северозападната граница на КП 1459/1, КП 1487, се совпаѓа со западната граница на КП 1484 и КП 1483, КП 1461, продолжува да се движи кон северозапад совпаѓајќи се со јужната граница на КП 1100, минува низ КП 1548, минува низ КП 1058, се совпаѓа со западната граница на КП 1050, минува низ КП 1058, се совпаѓа со јужната граница на КП 1041, се движи кон север совпаѓајќи се со западните граници на КП 1041 и КП 1040, минува низ КП 1058, се совпаѓа о западните граници на КП 1039 и КП 1038, минува низ КП 1058, се движи по западната граница на КП 799/2, се движи во западен правец по јужната граница на КП 798, скржнува кон север совпаѓајќи се со западните граници на КП 798 и КП 797, се движи кон запад по јужната граница на КП 780/3, се движи по источната и јужната граница на КП 795, минува низ КП 791, се движи кон север движејки се по јужната и западната граница на КП 788, минува низ КП 1058, се движи по запаната граница на КП 787, минува низ КП 1058, се движи кон север минувајќи низ КП 660/1, се движи кон запад минувајќи низ КП 660/1, се совпаѓа со јужната граница на КП 707, минува низ КП 660/1, се движи кон север, совпаѓајќи се со западната граница на КП 706, минува низ КП 660/1, се движи по јужната граница на КП 705, минува низ КП 660/1, свртува кон север совпаѓајчи се со западната граница на КП 661 и тука стасува до најзападната граница на планскиот опфат.

Од најзападната точка на планскиот опфат, границата продочжува да се движи кон север минувајќи низ КП 660/1, КП 662, КП 663 и КП 668, КП 1547, свртува кон исток по северната граница на КП 1547, се движи кон север по северната граница на КП 1547, минува низ КП 580, КП 629, КП 634, КП 621, се совпаѓа со западната граница на КП 589 и КП 588/1, свртува кон исток по северната граница на КП 587, минува низ КП 580, се совпаѓа со северната граница на КП 590, минува низ КП 580, се движи кон север минувајќи низ КП 580, се совпаѓа со северозападните граници на КП 570 и КП 571 и тука стасува до најсеверната точка на планскиот опфат.

**Член 3**

Просторот опфатен со Конечниот Предлог - Урбанистички план за село Давидово општина Гевгелија плански период 2017-2027 година, е со следните намени:

- А1 - домување во станбени куќи;
- В1 - образование и наука;
- В5 – верски институции;
- Г2 – лесна индустрија;
- Г4 – стоваришта;
- Д1 – парковско зеленило;
- Д4 - меморијални простори (гробишта);
- НЗ - неизградено земјиште;
- површини под вода.

**Член 4**

Просторот опфатен со Конечниот Предлог - Урбанистички план за село Давидово општина Гевгелија плански период 2017-2027 година се состои од текстуален и графички приказ кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Конечниот Предлог- Урбанистички план за село Давидово општина Гевгелија плански период 2017-2027 година по усвојувањето се доставува на надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1362/1 Претседател
31.05.2022г. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,,бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и 147/21 ), член 2 став (1) и став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,,бр.56/011, 162/012, 95/013. 109/014, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.2022год. , донесе

## ОДЛУКА

### за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.965 КО Негорци

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички Проект (УП), со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден објект – стовариште – магацин (Г4-7) на КП бр.965 КО Негорци, согласно Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/2020год.), а по барање Уп.1 бр.11-519-л од 28.12.2018год. на барателот Васе Попов со стан на ул. ,,Гоце Делчев,, бр.3 од Негорци.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,,

Бр.09-1363/1 Претседател
31.05.2022год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и 147/21 ), член 2 став (1) и став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„бр.56/011, 162/012, 95/013. 109/014, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Сл. Гласник на Општина Гевгелија„ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.2022год., донесе

## ОДЛУКА

**За утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.3479 КО Негорци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички Проект (УП) , со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден станбен објект (А1) на КП бр.3479 КО Негорци, согласно Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/2020год.), а по барање Уп.1 бр.11-199-л од 05.02.2016 год. на барателот Зоран Костадинов со стан на ул.„Ристо Шуклев„ бр 20 од с.Негорци.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија„

Бр.09-1364/1
31.05.2022год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и 147/21 ), член 2 став (1) и став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„бр.56/011, 162/012, 95/013. 109/014, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Сл. Гласник на Општина Гевгелија„ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 31.05.2022год. , донесе

## ОДЛУКА

**За утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Урбанистички проект (УП) за КП бр.12 КО Конско, м.в. "Круша"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички Проект (УП) , со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден станбен објект – викенд куќа (А4-3) на КП бр.12 КО Конско, м.в. Круша согласно Закон

за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/2020год.), а по барање Уп.1 бр.09-2515 од 29.08.2011год. на барателот Бранко Проданов со стан на ул.,,Гоце Делчев,, бр 44 од Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија,,

Бр.09-1365/1
31.05.2022год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 г.), член 84 од Законот за основното образование (,,Службен весник на РСМ“ бр. 16/19 и 229/20 г.) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 26.02.2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласнсот на Годишниот план за вработување на ООУ ″Владо Кантарџиев″-Гевгелија за 2023 година**

**Член 1**

Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ ,,Владо Кантарџиев“ – Гевгелија со архивски број 01-146/1 од 13.05.2022 година. **Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1366/1
31.05.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

-------------------------------------------------------------

Врз основа на член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 г.), член 84 од Законот за основното образование (,,Службен весник на РСМ“ бр. 16/19 и 229/20 г.) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 31.05.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласнсот на Годишниот план за вработување на ООУ ″Крсте Мисирков“-Гевгелија за 2023 година**

**Член 1**

Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ ,,Крсте Мисирков“ – Гевгелија со архивски број 01-245/1 од 17.05.2022 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1367/1
31.05.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 г.), член 84 од Законот за основното образование (,,Службен весник на РСМ“ бр. 16/19 и 229/20 г.) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 31.05.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласнсот на Годишниот план за вработување на ООУ ″Ристо Шуклев“-Негорци за 2023 година**

**Член 1**

Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ ,,Ристо Шуклев “ – Негорци со архивски број 01-135/1 од 12.05.2022 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1368/1
31.05.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 г.), член 84 од Законот за основното образование (,,Службен весник на РСМ“ бр. 16/19 и 229/20 г.) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 31.05.2022 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за давање согласнсот на Годишниот план за вработување на ООУ ″Климент Охридски“- Миравци за 2023 година

**Член 1**

Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ ,,Климент Охридски “ – Миравци со архивски број 01-150/1 од 13.05.2022 година.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

09-1369/1
31.05.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 г.), член 84 од Законот за основното образование (,,Службен весник на РСМ“ бр. 16/19 и 229/20 г.) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14 и 13/20 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 26.02.2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласнсот на Годишниот план за вработување**
**на ООМУ "Васо карајанов"-Гевгелија за 2023 година**

**Член 1**

Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на ООМУ ,,Васо Карајанов“ – Гевгелија со архивски број 01-41/1 од 13.05.2022 година. **Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1370/1
31.05.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 26 став 2 од законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ“ бр.38/96,6/02,40/03....35/19 г.) и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/02 г.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 31.05.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување член на Надзорниот одбор за контрола**
**на материјално-финансиското работење**
**на ЈПКД ,,Комуналец“ –Гевгелија**

1. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија, се именува
Александра Никова од Гевгелија.

2.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните членови и ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

бр.09-1371/1
31.05. 2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Совет на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

------------------------------------------------------------

Врз основа на член 26 став 2 од законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ“ бр.38/96,6/02,40/03....35/19 г.) и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/02 г.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 31.05.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување член на Надзорниот одбор за контрола**
**на материјално-финансиското работење**
**на ЈПКД ,,Комуналец“ –Гевгелија**

1. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија, се именува
Вили Старделова од Гевгелија.

2.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните членови и ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

бр.09-1372/1
31.05. 2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Совет на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 26 став 2 од законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ“ бр.38/96,6/02,40/03....35/19 г.) и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/02 г.) и член 38 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 31.05.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПКД ,,Комуналец“ –Гевгелија**

1. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија, се именува
Емилија Ристова од Гевгелија.

2.Примерок од ова Решение да се достави до именуваните членови и ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

бр.09-1373/1
31.05. 2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Совет на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) и член 20 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.15/21), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2022 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2022 година, ставка 463 подставка 463120 - Други трансфери, Програма Л0 во износ од 30.000,00 денари, се доделуваат на **ФК Богородица 2020** од населено место Бгородица, Гевгелија за програмски активности.

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

**ФК Богородица 2020** од населено место Богородица, Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година за програмски активности предвидени со Програмата за финансирање програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерес на општина Гевгелија за 2022 година.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2022 година во износ од 30.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр. 12-37/155
29.4.2022 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија

**Андон Сарамандов с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) и член 20 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.15/21), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на Општина Гевгелија за 2022 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма Д0 во износ од 2.000,00 денари, се доделуваат на **Гоце Ѓорѓиевски** од Гевгелија за еднократна парична помош.

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

**Гоце Ѓорѓиевски** од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на Општина Гевгелија за доделување средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2022 година за еднократна парична помош.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2022 година во износ од 2.000,00 денари, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

